РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2308/2
15-06-2021

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 49-та седница одржана на 08.06.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 01.07.2020 година од непознат подносител (анонимна пријава) до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2308/1 од 01.07.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2308/1 од 01.07.2020 година поради застареност.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2308/1 од 01.07.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за прекршување на членот 23 став 6 од Законот за административни службеници при преземање на конкретни дејствија во постапката за назначување на ----------------------в за Државен секретар на Министерството за здравство.

Имено, според членот 23 став 6 од Законот за административни службеници државниот секретар во ресорното министерство го назначува министерот од редот на административните службеници од категоријата Б, односно од редот на раководните вработени лица и истиот треба да ги исполнува посебните услови за работното место за нивото Б4 на раководни административни службеници. Во пријавата се наведува дека лицето ------------------- во Агенцијата за вработување на РСМ до 02.07.2017 година бил евидентиран како вработен во ЈЗУ Клиничката болница ----------------, за да наредниот ден 03.07.2017 година биде пријавен како Државен секретар во Министерството за здравство, при што , како што стои во пријавата, на денот на назначувањето за државен секретар ова лице не било вработено во Министерството за здравство, туку во Клиничката болница Штип.

По разгледување на наводите во пријавата и позитивната законска регулатива, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека конкретниот случај се случил во јули 2017 година, што значи дека е поминат подолг временски период од сторувањето на предметните дејствија, поради што настапила застареност и ДКСК *нема* законска можност за натамошно постапување и преземање конкретни мерки кон прекршителите во предметниот случај. Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапување во предметниот случај, пријавата се отфрла и предметот се затвора и архивира. Имајќи го гореспоменатото, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**